ILIRIKA
Илирика Инвестментс АД Скопје
бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 лк.8
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (2) 3296-853; Факс: +389 (2) 3213-785
www.ilirika.mk

# Општи услови за работење со хартии од вредност на Илирика Инвестментс АД Скопје

Брокерската куќа ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје е членка на Македонската берза АД Скопје и на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и овластена за тргување на Македонската берза АД Скопје (во понатамошниот текст: брокерската куќа)

## 1.ЗАЕМНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА БРОКЕРСКАТА КУЌА И КЛИЕНТОТ

Член 1

Општите услови за работење на брокерската куќа околу обезбедувањето на услугите поврзани со хартии од вредност (во понатамошниот текст: Општи услови за работење) во суштина ги опфаќаат заемните права и обврски на Клиентот и брокерската куќа поврзани со извршување на следните услуги:

- Купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот;
- Дејствување како покровител на котација;
- Инвестиционо советување;
- Прием и пренос на налози за купување и продавање на хартии до вредност на странски пазари за хартии од вредност.

Заедничките права и обврски помеѓу брокерската куќа и Клиентот ќе бидат дефинирани со општ договор за извршување на услуги поврзани со хартии од вредност (во понатамошниот текст: Договор), како и во полномошно за увид и резервација во сметка на Централниот Депозитар на хартии од вредност (во понатамошниот текст: Полномошно)

Член 2

Брокерската куќа и Клиентот мора да ги вклучат во договорот сите информации неопходни за извршување на услугите поврзани со хартии од вредност, законски пропишаното водење на податоци и извршувањето на обврските утврдени со договорот.
Општите услови за работење го вклучуваат фактот дека со обезбедување на податоци, опишани во претходниот став, Клиентот се согласил на консензус со Законот за заштита на лични податоци (Сл.весник бр.42/2020).

Член 3

Клиентот гарантира за точноста и веродостојноста на информациите дадени на брокерската куќа и се смета одговорен за штети поради издавање непотполни или лажни информации.
Брокерската куќа го зарджува правото да одбие да потпише договор доколку клиентот одбие да издаде некоја од побараните лични податоци.

Илирика Инвестментс АД Скопје
бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 лк.8
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (2) 3296-853; Факс: +389 (2) 3213-785
www.ilirika.mk

Клиентот и брокерската куќа ќе ги сметаат сите разменти информации неопходни за извршување на услугите поврзани со хартии од вредност, а дефинирани со Општите услови за работење и горе споменатиот договор како доверливи, со исклучок на писмено барање доставено од некој надлежен орган (надлежен суд, истражен орган, Комисија за хартии од вредност, Македонска берза и Централен Депозитар за хартии од вредност).

Член 4

Брокерската куќа е обврзана да ги изврши сите услуги дефинирани во член 1 во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва, Законот за девизно работење, Законот за банки, Законот за супервизија на осигурување, Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам и останати релевантни Закони.
Брокерската куќа ќе врши услуги поврзани со хартии од вредност со исклучително внимание на добра брокерска куќа.

Член 5

Во обезбедувањето на услуги поврзани со хартии од вредност, брокерската куќа се обврзува да ги штити интересите на клиентите. Брокерската куќа се обврзува да го известува Клиентот на соодветен начин за сите јавно познати информации за одредени хартии од вредност, нивниот издавач, тековната состојба на хартиите од вредност и сите ситуации и ризици поврзани со инвестиции во хартии од вредност што можат да бидат релевантни за одлуките на Клиентот за вложување во хартии од вредност (во понатамошниот текст: ХВ).

Вложувањето во ХВ има одредено ниво на ризик бидејќи Клиентот може, заради состојби на пазарот на капитал, пазарот на пари и девизниот пазар, како и заради промените во каматните стапки, факторите како што се кредитниот рејтинг на идавачот на ХВ да оствари непланирани приходи или загуби.
Такви се:

- Пазарниот ризик - е поврзан со трендовите на цените на ХВ, односно опасноста Клиентот да носи продажна одлука при пониски цени него при купување, што претствува капитална загуба за Клиентот;
- Ризикот од ликвидност - купувачот може да не биде во состојба да ги продаде ХВ во моментот кога клиентот сака заради недостаток на средства што се движат во пазарот и клиентот мора да ги продаде ХВ по драстично пониска цена заради истите причини.
- Промената во каматните стапки - има долгорочно влијание на цените на ХВ, посебно на обврзниците. Последните се исто така поизложени на ризик од реинвестирање на исплатените рати пред доспевање како и ризикот од валута.
- Промените во условите на пазарот се предизвикани како од промените ва законодавството, посебно во сверата на пазарот на пари и пазарот на капитал, оданочување и во сверата на меѓународно работење и меѓународно движење на капиталот.

Сите овие ризици не претставуваат изолиран случај туку делуваат заемно, но секој од нов со различен интензитет во различни временски интервали.

Илирика Инвестментс АД Скопје
бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 лк.8
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (2) 3296-853; Факс: +389 (2) 3213-785
www.ilirika.mk

Од тие причини, Клиентот кој купува ХВ може да се доведе во ситуација да плати повисока цена за ХВ него цената што ја планирал пред купувањето, додека пак Продавачот на ХВ е изложен на на сите претходно споменати ризици поврзани со пазарните состојби, но и од ризикот да издавачот не ги исполни обврските пропишани со позитивните законски прописи.
Цената на ХВ и вредноста на вложувањето исто така зависи од глобалните политички прилики, политичката ситуација во регионот или државата што е доведена во прашање, еколошки и природни катастрофи, војни и останати конфликти или кризни ситуации и останати претходно неспоменати состојби.
Брокерската куќа не го гарантира профитот на Клиентот при вложување во неговите/нејзините ХВ и не се смета за одговорна према Клиентот или према трети лица за можната директна или индиректна штета, обврската (се мисли на тужба) или загуба како последица од погрешната употреба на ХВ од страна на клиентот со исклучок на ситуации одредени во Општите услови за работење и погоре споменатиот договор.

Член 6

Брокерската куќа ќе го информира Клиентот за секој можен конфликт на интересите на брокерската куќа со интересите на Клиентот или интересите на било кој клиент на брокерската куќа со интересите на конкретниот клиент, притоа брокерската куќа нема да издава доверливи информации за други клиенти и било кои информации кои содржат деловна тајна. Брокерската куќа ќе го организира своето работење на начин да го минимизира конфликтот на интереси помеѓу клиентите, брокерската куќа и вработените во брокерската куќа.
Во случај на конфликт на интересите на клиентот со интересите на брокерската куќа, брокерската куќа може да одбие да склучи договор или да прифати налог на клиентот.

Член 7

За дадените услуги брокерската куќа му наплаќа на својот клиент провизија според тарифникот за услуги со ХВ на брокерската куќа, Македонската берза и ЦДХВ.
Измени на Тарифникот на брокерската куќа може да бидат донесени со Одлука донесена од страна на Одборот на директори на брокерската куќа. Брокерската куќа ќе ги информира клиентите за промените во Тарифникот на начин одреден членот 8 став 2 од Општите услови за работа преку својата интернет страна и ќе ги објави на видно место во просториите на брокерската куќа.
Доколку не е дефинирано во Тарифникот, провизијата за одредена услуга Ќе биде дефинирана со посебен договор. Во случај брокерската куќа и клиентот да се сложат за провизија, пониска од таа дефинирана во Тарифникот, истата ќе биде дефинирана во изјава која ќе биде составен дел на договорот и одобрена од страна на Извршниот директор на брокерската куќа АД Скопје.

Член 8

Пред потпишување на договорот брокерската куќа ќе достави копија на Општите услови за работење и тарифникот на брокерската куќа. Општите услови за работа на брокерската куќа како и тарифникот на брокерската куќа се достапни на видно место во

сите простории во седиштето на брокерската куќа, деловните единици на брокерската куќа и јавно објавени на веб страната.

Општите услови и измени на Општите услови за работа како и Тарифникот за услуги Ќе бидат доставени до клиентот со нивно објавување на веб страната **www.ilirika.mk**, преку електронска пошта доколку клиентот има оставено, како и со истакнување на промените на видно место во просториите на брокерската куќа. Во случај клиентот да не се противи пред следната трансакција, се смета дека клиентот се согласува со неговата содржина.

Забелешките на клиентот, објавени во согласност со претходниот став, ќе се сметаат за писмено повлекување од договорот. Период на известување е 15 дена од приемот на писмено известување од страна на клиентот.

Член 9

Времетраењето на договорниот однос помеѓу брокерската куќа и Клиентот ќе бидат усогласени и одредени во договорот.

## 2.БРОКЕРСКИ УСЛУГИ

Член 10

Предмет на брокерски услуги е прифаќање на налозите на клиентот за купување и продажба на ХВ и извршувањето на тие налози.

Член 11

Пред прифаќањето на првиот налог за купување или продажба на ХВ, брокерската куќа и клиентот ќе склучат Договор за посредување при купопродажба на хартии од вредност, а пред тоа клиентот се идентификува.

За склучување на договорот за брокерски услуги, клиентот е обврзан да и ги обезбеди на брокерската куќа следните информации и документи за кои клиентот гарантира за нивната автентичност и веродостојност:

- Поднесување на оригинален, официјален и важечки документ (лични исправи) чие важност не е истечена;
- Доколку се работи за правно лице потребни се тековна состојба од Централен регистар, тековна состојба на вистински сопственик од Централен регистар,
- важечки документ за идентификација на сопственикот и овластеното лице.

Од документите се утврдуваат следните податоци:

- Името и презимето на клиентот или називот на правното лице и името и презимето на одговорното лице,
- Адреса односно седиште на клиентот;
- Матичен број за физичко или правно лице;
- Даночен број кај правните лица;
- Сметка во банка;
- Датум на раѓање на физичкото лице и на овластеното лице во случај кога како клиент се јавува правно лице;

Илирика Инвестментс АД Скопје
бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 лк.8
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (2) 3296-853; Факс: +389 (2) 3213-785
www.ilirika.mk

- Број на докуметот на идентификација на физичкото лице и на овластеното лице кога како клиент се јавува правно лице;
- Органот кој го издал документот.

Брокерската куќа и Клиентот во Договорот за посредување при купопродажба на хартии од вредност ги внесуваат податоците, кои на Брокерската куќа му се потребни за извршување на работите за сметка на клиентот, односно инвестиционо советување и водење на пропишаната евиденција. При давањето на податоците од страна на Клиентот, се смета дека е дадена согласност во смисла на важечкиот закон за чување на личните податоци и согласност за користење на истите од страна на Друштвото во согласност со важечката законска регулатива.

Доколку лицето при воспоставување на деловниот однос со брокерската куќа, одбие да даде било која од наведените информации од претходниот став и доколку одбие во целост да ја пополни и потпише Апликацијата за идентификација / ажурирање на клиент согласно Одлуката број 08-102/1 од 18.01.2019 година донесена од страна на Комисија за хартии од вредност на РСМ брокерската куќа го задржува правото да одбие да го потпише и склучи Договорот за посредување при купопродажба на хартии од вредност со клиентот.

Клиентите може да ги менуваат информациите, кои се обврзани да ги достават во согласност со овој член само доколку се идентификуваат во брокерската куќа врз основа на промена на личните податоци согласно промена во документите за идентификација.

Брокерската куќа во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам има воспоставено процедурата за анализа на клиенти ги вклучува следниве активности:

1) идентификација на клиентот и потврдување на неговиот идентитет со користење на документ издаден од овластен орган;

2) идентификација на ополномоштувачот и потврдување на неговиот идентитет со користење на валиден документ издаден од овластен орган;

3) идентификација на вистинскиот сопственик и превземање на соодветни мерки за потврдување на неговиот идентитет, со цел Друштвото да е уверено дека знае кој е вистинскиот сопственик, со користење на документи, податоци и информации од сигурни и независни извори;

4) да утврди дали клиентот е носител на јавна функција или вистинскиот сопственик е носител на јавна функција и да обезбеди негова изјава;

5) обезбедување на информации за целта и намерата на деловниот однос,

6) постојано следење на деловниот однос и на трансакциите кои се остваруваат во рамки на воспоставениот деловен однос со цел да се осигура дека овие трансакции се конзистентни со профилот на ризик и бизнисот на клиентот, а во случај кога е потребно и утврдување на изворите на средства, при што документите и податоците со кои друштвото располага мора да бидат ажурирани.

7) кога клиентот е од високоризична држава, брокерската куќа при воспоставување на деловен однос или извршување на трансакција обезбедува дополнителни податоци за клиентот и/или вистинскиот сопственик, неговата дејност, природата на деловниот однос, целта на најавената или извршената трансакција, изворот на средствата и изворот на имот на клиентот.

- Прифаќање на налог на клиентот

Член 12

Налог за купување или продажба на ХВ може да биде издаден во брокерската куќа, на следниве начини:

- лично
- преку факс
- по пошта
- преку електронска пошта
- преку електронска платформа е-традер.

- Видови на налози:

Член 13

Клиентот може да ги издаде следните видови на налози, одредени во Правила за тргување, према брокерската куќа:

Основни видови на налози:

- Пазарен налог - Клиентот не утврдува цена и налогот се реализира по пазарната цена во моментот на давање на налогот и
- Лимитиран налог - Клиентот ја утврдува прифатливата цена за купување (највисоката цена) или за продавање (најниската цена).
- Пазарен во лимитиран – клиентот не утврдува ограничувања во цената, односно ја прифаќа најдобрата цена на пазарот, при што доколку налогот во фазата на отворен пазар не се изврши во целост, остатокот од налогот се трансформира во лимитиран налог за преостанатата количина по цена по која е делумно извршен или по аукциската цена формирана во фазата на отварање на пазарот или при прекинувачка аукција.
- Стоп- налог – клиентот дефинира стоп цена, при што во моментот на нејзиното достигнување на пазарпт, налогот се активира како пазарен налог (стоп пазарен налог) или лимитиран налог (стоп лимитиран налог)

- Други видови на налози:

- налог со дополнителен услов за реализација -изврши или откажи – се извршува во согласност со ограничувањата за внес и извршување на налозите согласно режимот на тргување и фазата на пазарот. Нереализираната количина од налогот автоматски се отстранува од БЕСТ системот. Употреба на други дополнителни или специјални услови при внес на налогот изврши или откажи, не е дозволена.

ILIRIKA

Илирика Инвестментс АД Скопје
бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 лк.8
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (2) 3296-853; Факс: +389 (2) 3213-785
www.ilirika.mk

- **налог со скриена количина** - налог со скриена количина е налог кој не ја прикажува целокупната количина на налогот внесен во БЕСТ системот. На пазарот е прикажана само видливата количина/дел на налогот, а остатокот од налогот е внесен во системот како скриена количина. Употребата на други дополнителни услови при внес на налогот со скриена количина не е дозволена. Со одлука на Одборот на директори на Берзата ќе се определи минимална вредност на налогот со скриена количина, соодност меѓу видливата и скриената количина и другите услови за извршување на налогот со скриена количина.

- Налози со дополнителни услови за рокот на важност

- **дневен налог (Д)** - кој е валиден само на денот кога е внесен во БЕСТ системот.
- **налог со важност до одреден датум** - налог со важност до одреден датум важи од моментот на внес во БЕСТ системот, па се додека не се реализира или до одреден датум. Овој налог е валиден најмногу триесет (30) календарски денови од денот на неговото внесување. БЕСТ системот дава преглед на налозите што ќе бидат отстранети во дефиниран иден период.
-

- Налози со специјални услови за реализација на количината

- **се или ништо (СН)** - Налогот со специјален услов за реализација на количината "се или ништо" овозможува купување или продажба на хартија од вредност со едно внесување до утврдена цена, при што налогот мора да биде целосно извршен преку една или повеќе истовремени трансакции. Доколку налогот не ги содржи сите елементи за овој вид налог при неговото внесување, истиот ќе биде избришан од БЕСТ системот. Употребата на дополнителни услови за реализација на налогот не е дозволено.

- Налози за блок трансакции

- Налози за административна блок трансакција – налозите за административна трансакција се креираат по предходно склучен договор помеѓу купувачот и продавачот, во кој што се наведени податоците за клиентите и условите за видот, цената и количината на хв што се предмет на купо-продажба. Еден од условите за ваквиот вид на трансакција е износот на трансакцијата да изнесува најмалку 5.000.000,00 денари. Трансакцијата во БЕСТ системот се внесува од страна на Берзата, вон редовното тргување.
- Налози за системска блок трансакција – налозите за системската блок трансакција се внесуваат од страна на брокерската куќа. Услов за реализација на ваквиод вид на трансакција е истата да изнесува најмалку 2.000.000,00 денари и висината на цената да е во рамките на динамичките лимити за хартијата од вредност која е предмет на ваква трансакција. Трансакцијата се реализира во рамките на редовното тргување со хв во БЕСТ системот.

- Налози добиен по електронски пат преку платформата Е-Традер

- Брокерската куќа приемот на налози по електронски пат го врши преку софтверската апликација е-Традер, која е наменета за електронски прием на налози за тргување со хв и следење на тргувањето на Македонска берза АД Скопје од страна на клиентите на брокерската куќа, а по предходно потпишан договор за користење на електронскиот систем за тргување е Традер.

При прием на налози по електронски пат преку софтверската апликација е-Традер , брокерската куќа <u>ќе ги прифаќа</u> следните видови на налози:

- пазарен налог
- лимитиран налог

Лимитиран налог со следните подвидови лимитирани налози:

- налог со дополнителен услов за реализација- изврши или откажи
- налог со скриена количина.

При прием на налози по електронски пат преку софтверската апликација е-Традер , брокерската куќа <u>не ги прифаќа</u> следните видови на налози:

- лимитиран налог со специфични инструкции
- налог со услов СЕ или НИШТО
- стоп пазарен налог
- стоп лимитиран налог

При прием на налози по електронски пат брокерската куќа ќе ги прифаќа налозите со следните рокови на важност:

- за пазарен налог – дневна важност на налогот,
- за лимитиран налог - од еден до 30 дена, но не повеќе од 30 дена важност на налогот.

- Тајност и заштита на лични податоци

Брокерската куќа ги применува следниве технички мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на лични податоци и тоа:

- Креирање на корисничко име за секое овластено лице;
- Лозинка креирана од овластеното лице составена од најмалку осум карактери (мали и големи букви, симболи, броеви и интерпукциски знаци);
- Лозинките треба да се менуваат по изминат временски период што не може да биде подолг од три месеци;
- Ограничен пристап за секое корисничко име до одредени делови од информацискиот систем;
- Криптирање на личните податоци (по потреба) применувајќи најсовремени технички решенија за криптирање со кои го обезбедува интегритетот, доверливоста и автентичноста на личните податоци;

Илирика Инвестментс АД Скопје
бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 лк.8
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (2) 3296-853; Факс: +389 (2) 3213-785
www.ilirika.mk

Член 14

Врз основа на информациите дефинирани во член 5 и 6 од Општите услови за работење, клиентот независно ги прифаќа ризиците и одлуките поврзани со трансакции со ХВ.

Брокерската куќа не прифаќа одговорност за последиците од одлуките на клиентот.

Член 15

Со налозите за купување на ХВ клиентот мора најкасно до ден пред порамнување на трансакцијата да обезбеди парични средства во висина од 100% од вредноста на купување на ХВ и трошоците поврзани со извршувањето на налогот на сметката на брокерската куќа 100000000070273 отворена во НБРСМ (во понатамошниот текст: клиентска сметка), со исклучок доколку Брокерската куќа и клиентот се договорат на друг начин.

Налогот од став 1 од овој член ќе биде извршен откако брокерската куќа провери, на релевантен начин, дека клиентот има извршено трансфер на средства за купување на ХВ на сметка на брокерската куќа. Во случај да вредноста на трансакцијата биде поголема од однапред уплатена вредност, клиентот ќе изврши префрлување на разликата најкасно до ден пред порамнување на трансакцијата.

Член 16

Паричните средства на клиентот дадени на брокерската куќа за купување на хартии од вредност или паричните средства добиени со продажба на хартии од вредност, брокерската куќа ги чува на посебна сметка отворена за таа намена.

Доколку клиентот паричните средства кои ги уплатил на сметката за порамнување (клиентска сметка) на брокерската куќа со намера за купување на хартии од вредност не ги искористи односно не реализира трансакција или делумно ги искористи за реализација на трансација, целиот уплатен износ или преостанатиот дел од уплатата, брокерската куќа е должна да му ги врати на трансакциската сметка на клиентот , но не подоцна од 30 дена од денот на нивната уплата.

За паричните средства добиени од продажба на хартии од вредност, исплатата може да се изврши со одлагање, по барање на Клиентот. Секој клиент кој пред брокерската куќа дал писмена инструкција со која бара паричните средства добиени од продажба на хартии од вредност да не се исплаќаат на неговата трансакциска сметка со цел истите да ги искористи за идни купувања, брокерската куќа согласно таквата инструкција може да ги задржи најдолго до 30 дена од денот на порамнувањето на паричните средства. Доколку клиентот во рок од 30 дена од денот на порамнување на паричните средства не реализира ниту една куповна трансакција или има делумна реализација на куповна трансакција кој износ не го надминува износот на паричните средства кои се евидентирани на клиентската сметка од продажба на акции, брокерската куќа е должна по истекот на 30-тиот ден, односно првиот нареден работен ден да му го исплати целиот износ или разликата од преостанатите парични средства.

ILIRIKA

Илирика Инвестментс АД Скопје
бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 лк.8
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (2) 3296-853; Факс: +389 (2) 3213-785
www.ilirika.mk

Член 17

Во случај на новонастаната состојба на Македонската берза што подразбира променета понуда на целна хартија од вредност или на цената на целната хартија од вредност како и во случај на одлука на Клиентот да промени одреден услов дефиниран во налогот за купување на одредена хартија од вредност, Клиентот е должен да се појави во просториите на брокерската куќа каде го има издадено налогот и да потпише нов налог со наново дефинирани услови и да го повелече претходно издадениот налог. Во спротивно, налогот важи согласно првично утврдените услови.

Во тој случај, Клиентот може да изврши промена на налог со промена на количината на хартии од вредност кои ги продава или купува како и промена на цената која е спремен да ја плати или по која е спремен да продаде целна хартија од вредност. Во случај да Клиентот одлучи целосно да се повлече од продажба или купување на целна хартија од вредност, Клиентот е должен да се појави во просториите на брокерската куќа каде го има издадено налогот и да изврши повлекување на налогот.

Налозите од клиенти дадени преку електронска платформа е-традер се регулираат со посебен акт за прием на налози по електронски пат.

Член 18

При продажба на хартии од вредност, клиентот со потпишување на полномошното ја овластува брокерската куќа да ги резервира целните хартии од вредност за продажба и со тоа гарантира дека ги има и се во негова сопственост, додека пак со потпишување на продажниот налог Клиентот ги утврдува условите под кои сака да му се изврши продажбата на целните хартии од вредност.

Брокерската куќа ги уплаќа паричните средства добиени од продажба на ХВ, исклучително во име и за сметка на клиентот во рок од еден работен ден по приемот на паричните средства од продажбата.

Паричните средства на посебната сметка од ставот 1 на овој член можат да се употребат само во согласност со инструкциите на клиентот, а согласно член 16 став 3 од овие Општи услови.

Брокерската куќа не смее да ги користи паричните средства на еден клиент за сметка на друг клиент.

- Потврда за прием на налог

Член 19

Брокерската куќа ќе издаде на клиентот потврда за прием на налог истиот ден по приемот, промената, повлекувањето на налогот, во согласност со Правилата за тргување.

- Извршување на налог на клиент

Член 20

Брокерската куќа го извршува куповниот или продажниот налог на клиентот за ХВ веднаш што условите на пазарот дозволуваат негово извршување.

Налозите се извршуваат во согласност со приоритетот во книгата на налози.

Илирика Инвестментс АД Скопје
бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 лк.8
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (2) 3296-853; Факс: +389 (2) 3213-785
www.ilirika.mk

- Исполнување на обврските кои произлегуваат од налогот

Член 21

Брокерската куќа е должна да му достави на клиентот пресметка за склучување и порамнување на секоја трансакција со ХВ во рок од два дена по денот на порамнувањето, освен ако клиентот изјави дека не сака да му се доставуваат извештаите по пошта.

Во одредени случаи на барање на клиентот брокерската куќа го известува клиентот за извршените трансакции по телефон или по електронска пошта.

- Инвестиционо советување

Член 22

Услугата инвестиционо советување се регулира со посебен Договор за инвестиционо советување кој се склучува помеѓу клиентот и брокерската куќа, во согласност со потребата и барањето на клиентот кои се однесува на купопродажба на хартии од вредност. Висината нанадоместокот се утврдува засебно, зависно од обемот и потребите на клиентот, а во согласност со важечкиот Тарифникот за висината на надоместоците, донесен од страна на брокерската куќа.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

За сите евентуални спорови, страните се согласни да ги решаваат спогодбено.

Доколку не се постигне договор, надлежен е Основен суд Скопје.

Член 24

Општите услови за работење се составен дел од Договорот за посредување при купопродажба на хартии од вредност.

Член 25

Со донесување на општите услови, престануваат да важат предходно донесените општи услови за работење на брокерската куќа бр.0202-29 од 04.05.2022 година.

Скопје, 12.02.2024 година

ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје

Упис во Централен регистар, регистарски бр.:30120080006213; матичен бр.: 6012248, , Единствен даночен бр. 4030005557470,
основен капитал: 75,000,00 EUR , трансакциска сметка бр.: 210-0601224801-28 НЛБ Тутунска банка АД Скопје